РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3494/9

17-01-2022 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 59-та седница одржана на ден 14.01.2022 година ја донесе следната

## Одлука

Постапката по предметот број 12-4225/1 од 01.12.2020 година, оформен по доставена пријава за сомневање за бесправно градење, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување од причина што постапува надлежен орган.

Предметот со број 12-4225/1 од 01.12.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 01.12.2020 година, поднесена е пријава за сомневање за бесправно градење и оформен е предмет број 12-4225/1 од 01.12.2020 година.

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконско градење на територијата на Општина Прилеп каде согласно пријавата се гради бетонска база од страна на инвеститорот - ------------------------------ ДООЕЛ, а без одобрение за градење. Во врска со ова во пријавата се наведува дека е донесено Решение од 18.10.2018 година од страна на градежната инспекција при Општина Прилеп со кое на инвеститорот му се наредува да ја отстрани градбата, но по негова жалба Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на иснпекцискиот надзор и прекршочната постапка го поништува решението и предметот го враќа на повторна постапка, а се наведува дека истото се повторува и во однос на следните решенија кои ги носи општината, вкупно четири. Во продолжение се наведува дека општинската и државната администрација си го префрлаат предметот, а во меѓувреме бесправното градење продолжува. Исто така, се наведува дека во Основното јавно обвинителство во Прилеп е оформен предмет во врска со овој случај.

Заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, ДКСК достави барање за доставување на податоци и информации до Општина Прилеп, Основно јавно обвинителство Прилеп и Основен суд Прилеп.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Од одговорите добиени од институциите се констатира дека Основното јавно обвинителство Прилеп на ден 24.02.2021 година до Основниот суд Прилеп има поднесено обвинителен акт за кривично дело бесправно градење од член 244а став 1 од Кривичниот законик против лицето ------------------------- од Прилеп. Пред Основниот суд Прилеп во тек е кривична постапка по поднесениот обвинителен акт , предметот е насрочен и се постапува по истиот, но во моментот на достава на одговорот сѐ уште не била донесена правосилна одлука.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК оцени дека постапува и презема мерки надлежен орган поради што нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: Б.К.Ш.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска